**20111653607**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 26 став 2 и став 5 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН И НАЧИНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУНОТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на лиценцата за процена на тутун и начинот и програмата за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот („Службен весник на Република Македонија" бр.21/07) Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози кои се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-10044/5
3 ноември 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

## ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН

Име и презиме ________________________
Единствен матичен број ______________
го положи испитот за процена на тутун

Бр.___________
Дата ________ М.П. МИНИСТЕР

Прилог 2

# ПРОГРАМА
# ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН

Испитот за добивање на лиценца за процена на тутун се состои од писмен дел (тест) и устен дел (практичен).

1.Писмен дел- (тест)

Со писмениот дел од испитот се врши проверка на кандидатите во познавањето на материјата за испитот. Тестот содржи одреден број на прашања со понудени 3 одговори, од кои еден одговор е точен и истиот треба да се заокружи.

2. Устен дел-(практичен)

Со усниот (практичен )дел од испитот се врши директна проверка на кандидатите во познавањето на тутунската суровина за квалитативно и квантитативно проценување при превземањето (откупот) на суровиот тутун во лист.

Потребна литература за полагање на испитот:
1. Законот за тутун и тутунски производи ("Службен весник на РМ" бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11 и 53/11)
2. Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист („Службен весник на Република Македонија" бр.16/07, бр.144/10 и бр.20/2011).

3. Боцески Д. 2003. ПОЗНАВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ТУТУНСКАТА СУРОВИНА (II Дополнето издание), Институт за тутун Прилеп.

Поглавја-делови за учење:
- Поделба на тутунската суровина
- Стоковни типови тутун во Р Македонија
- Карактеристики на тутунската суровина
- Примарна-привремена манипулација
- Мувли во тутунот

4. Узуноски М. 1985. ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН, Скопје.

Поглавја-делови за учење:
- Типови и сорти на тутун
- Зреење и берба на тутун
- Болести и штетници на тутунот
- Сушење на тутунот
- Методи  на сушење на тутунот

5. Корубин-Алексоска А. 2004. Сорти на тутун од институтот за тутун-Прилеп, Институт за тутун Прилеп.

Поглавја-делови за учење:
-Типови и сорти: прилеп, јака, џебел, отља, вирџинија и берлеј.

6. Карајанков С., Арсов З. Кабранова Р. 2007. Производство на тутун-Практикум, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје.

Поглавја-делови за учење:
- Повреди на тутунскиот лист.

7. Мицковски Ј. 2004. Тутунот во Република Македонија - Прилеп
Поглавја
Болести, штетници и плевели на тутунот
Делови за учење
- Болести на тутунот
-Штетници на тутунот

8. Смоквоски М., Стојкоски С. 2004. Практикум по технологија на тутунот . ЈНУ - Институт за тутун-Прилеп
Поглавја-делови за учење
- Основни признаци за органолептичка проценка на квалитетот на суровиот тутун во лист

9. Практична едукација на кандидатите со надгледни средства (мостри) за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист, во Научен институт за тутун - Прилеп, неколку дена пред испитот.